МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К

**од Четвртата седница на Програмскиот совет на МРТ**
**одржана на 28.7.2025, 1:00 часот, сала за состаноци во МРТ**

Присутни членови на Третата седница на Програмски совет на МРТ:, *Давор Пашоски, Миле Гроздановски, Билјана Бабиќ, Владимир Палашевски, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Музбајдин Ќамиљи, Баким Лачи, Томислав Кежаровски и Ивана Ефремновски*
Он-лајн ја следеа седницата: *Лазо Трпков, Марјан Велевски и Маја Седрак*

Четвртата седница на Програмскиот совет започна во 14.00 со утврдување присуство на сите членови, односно за обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четвртата седница, кој истовремено беше надополнет од негова страна со уште една точка, како што следува подолу:

**Дневен ред:**
1. **Разгледување и усвојување на Предлог - Барање мислење до Собранието на Република Северна Македонија.**
2. **Разно**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:
- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на Предлог - Барање мислење до Собранието на Република Северна Македонија.**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ го прочита текстот на Предлог-Барањето мислење до Собранието на Република Северна Македонија со кое беше образложена состојбата на Македонската радио телевизија и со кое беше побарано од Собранието на РСМ да даде насоки како понатаму да постапува Програмскиот совет на МРТ во исполнувањето на своите обврски утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во отсуство на избран Надзорен одбор на МРТ.
Текстот на Предлог – Барањето мислење до Собранието на Република Северна Македонија беше ставен на гласање од страна на Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски:
- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Од оваа точка произлезе

**Заклучок:**
**Директорот на МРТ да ги задолжи службите на МРТ да го достават Барањето мислење до Собранието на МРТ во што е можно покус временски рок**

**Точка 2. Разно**
Претседателот укажа дека последниот Јавен конкурс за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ е се уште активен и предложи да се побара мислење од

Секторот за правни работи на МРТ да даде мислење како понатаму да се постапува со започнатата постапка од страна на претходниот состав на Програмскиот совет на МРТ.
Од оваа точка произлезе

**Заклучок:**
**Директорот на МРТ да го задолжи Секторот за правни работи на МРТ да даде свое мислење во која насока да продолжи постапката за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ по распишан Јавен конкурс од страна на претходниот состав на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот совет го стави Заклучокот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет**

Дополнително, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ги информираше членовите дека е одржана средба меѓу Програмскиот совет на МРТ и Здружението на новинари на Македонија и дека смета ваквата соработка со медиумски здруженија и асоцијации да биде проширена во иднина. Истовремено, во август би се организирала и првата средба меѓу Програмскиот совет на МРТ и одговорните уредници на МРТ, како и со Директорот на МРТ со кои е неопходно да се разменат информации и планови за заеднички активности.

По исцрпување на Дневниот ред, Седницата ја затвори Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски во 14.45.

Записникот го водеше:
Марина Тодоровска

Претседател на Програмски совет на МРТ

--------------------------------
Давор Пашоски

Бр. 02-4777 /2 од
31.07.2025